АКТУЕЛНО

# *Долго чекање*

ЈАСНА **ФРАНГОВСКА**

*Принципиелноста на државата во прибирањето на државните давачки, деновиве, го стави под прашање оградувањето на археолошкиот локалитет Стоби. Ова наоѓалишта, вброено меѓу најатрактивните, не само во Македонија, поради непостоењето елементарна заштита (што е само убав израз за непостоењето ни на ограда околу него), долг период е безмилосно изложено на сите можни облици на кражба и оштетување на непроценливото културно-историското богатство, со кое располага.*

*Поради тоа, на затворениот конкурс на програмата за културен развој ФАРЕ, за оградувањето на Стоби се изделени потребните средства што ќе овозможат во заштитата на локалитетот да се стори првиот, почетен и недозволиво долгоочекуван чекор.*

*Меѓутоа, и покрај тоа што изведувачот на зафатот веќе ги добил средствата од ФАРЕ, реализацијата не може да почне зашто нема кој да плати ДДВ за парите издвоени за овој, повеќе од нужен, зафат!*

*Така, игнорирајќи ја нужноста за итна реакција, што заштитувајќи ги археолошките локалитети, ќе ја претстави Македонија како држава, одговорна кон своето непроценливо културно наследство, Стоби чека кој ќе плати ДДВ....*

*Не толку одамна, при промовирањето на оваа давачка, данокот на додадена вредност беше промовиран како чекор поблиску до Европа, што мораме да го сториме зашто ја сакаме - Македонија!*

*Стоби е најапсурдниот тест за вистинитоста на оваа порака.*



## ПЕРМАНЕНТНО НАДОПОЛНУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНАТА ПОСТАНОВКА

*Најголемиот број дела изложени во Националната постановка се од сопствените депоа на Уметничката галерија, еден дел се подарени, дел се земени на заем, а најмал дел отпаѓа на делата што Министерството за култура вети дека ќе бидат откупени. Во моментов течат преговори за надополнување со дела на македонски автори што живеат и работат во странство*

# Уметниците сакаат да подаруваат дела

Уметничката галерија, со цел да ја надополни националната постановка, ќе почне со циклусот поставување дела од македонски автори, кои живеат и творат надвор од нашава земја. Македонскиот автор Власе Николески, кој неодамна имаше самостојна изложба во Уметничката галерија, по сопствена иницијатива подари дело за оваа постановка, а персоналот на Галеријата изрази радост што поголем дел од македонските уметници самоиницијативно сакаат да подаруваат свои дела.

„Најчесто кога авторите подаруваат авторски дела не постојат критериуми при изборот, туку тие самите, во соработка со кустосите на галеријата, решаваат кое дело ќе биде изложено. Во моментов сме во преговори со сликарот Киро Урдин. Но, процесот за изложување на едно негово дело ќе оди побавно поради тоа што неговите дела се надвор од Македонија. Освен тоа, сè уште не знаеме точно дали авторот е расположен да подари или да продаде свое дело. Доколку не биде изводливо да добиеме дело од Урдин, тогаш ќе се обидеме да го земеме на заем од Музејот на современа уметност. Но, поголемиот број уметници самоиницијативно сакаат да ѝ подарат дело на галеријата“, вели Васева - Димеска.

Во моментов Уметничката галерија работи за збогатување на збирката на зографите со уште неколку дела. Според, Васева - Димеска, некои македонски уметници се недоволно застапени, поради што колекцијата треба што поскоро да се надополни со нивни дела. Во најскоро време постановката треба да биде збогатена со уште неколку дела од Глигор Чемерски и од Димитар Кондовски.

Најголемиот број на дела изложени на Националната постановка се од сопствените депоа на Уметничката галерија, еден дел се подарени, дел се земени на заем, а најмал дел отпаѓа на делата што Министерството за култура вети дека ќе бидат откупени. Актуелната министерка за култура и нејзините претходници ветија дека потребните дела во рок од една година ќе бидат откупени по сукцесивен пат. Во договорите за делата земени на заем не постои никаков временски лимит до кога можат да бидат изложени во националната постановка.

ИВАНА **ТАСЕВ**

46980